Образец бр. 2

## Иницијална проценка на влијание на регулативата

**Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите**

1. **Опис на проблемите**

Предложените измени и дополнувања на овој закон се во насока на усогласување на Законот за Државен пазарен инспекторат со Законот за инспекциски надзор со што ќе се создаде основа за поголема ефикасност во постапувањето на инспекциските служби.
Законот чие донесување се предлага се заснова на истите начела на кои се заснова и основниот текст на законот.
Преложените измени и дополнувања на Законот за Државен пазарен инспекторат содржат решенија кои се однесуваат на усогласување на материјалниот закон со Законот за инспекциски надзор, во поглед на правата и обврските на инспекторот, надлежноста за постапување по жалби, случаите на координирано постапување на инспекциските служби .
Истовремено, во предложените измени и дополнувања на овој закон се содржани и одредби за намалување на висината на глобите.

2. **Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите**

Основните цели на предложениот закон е да се изврши усогласување на материјалниот закон со Законот за инспекциски надзор со што ќе се регулира работата и сите аспекти на постапувањето на инспекциските служби, што би довело до поголема ефикасност и унификација во постапувањето. На овој начин ќе се постигне надминување на разноликоста и дисбалансот што постоеше при постапувањето и работата на инспекциските служби .

3. **Идентификација на можни решенија (опции)**

1.Да се донесе Закон за изменување и дополнување на Закон за Државен пазарен инспекторат.
2.Да не се донесе Закон за изменување и дополнување на Закон за Државен пазарен инспекторат.

**Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија**

**Предложено решение (опција):** Да се донесе закон за изменување и дополнување на Закон за Државен пазарен инспекторат.

**Опис** Со член 1 во член 4 од законот се врши допрецизирање на прописите кои го регугираат постапувањето на инспекторите при вршењето на инспекцискиот надзор .
Со член 2 во член 5 од законот согласно Законот за инспекциски надзор се предвидени основните начела на постапување на инспекторите.

Со член 3 се бришат членовиоте 6 и 7 од Законот, бидејки со член 2 од Предлог законот се предвбидени единспевени начела согласно Законот за инспекциски надзор..
Со член 4 во член 8 од законот се врши прецизирање на субјектите на кои инспекторот врши инспекциски надзор, како и надлежноста за изрекување на инспекциски мерки и санкции со цел за отстранување на утврдените неправилности.
Со членое 5 во член 12 се бришат ставовите 2-10 од законот .
Со член 6 се бришат членовите 12-а,12-б и 12-в бидејки со Законот за инспекциски надзор е регулиран начинот на полагање и проверка на стручниот испит и знењето и начинот наспроведување на испитот како и формирање на Комисија за полагање на испит .
Со член 7 се прецизира рокот на донесувањето на Годишната програма до 31 декември во тековната година за наредната и подготвува месечни планови за работа врз основа на кои го спроведува редовниот инспекциски надзор врз основа на налог . Исто така директорот донесува и Годишен извештај за работа до 31 март во тековната година.
Се предвидува обврска на Инспекторатот да подготвува и квартален извештај за својата работа и истото да го објавува на веб страната на Инспекторатот.
Со член 8 се менува член 15 од законот и се прецизираат обврските на инспекторот при вршење на инспекциски надзор согласно Законот за инспекциски надзор.
Со член 9 се бришат членовите 17. 19 и 20 од Законот.
Со член 10 се менува член 21 од законот, така што се прецизира дека инспекторот при вршење на инспекцискиот надзор може привремено да одземе документи, стока и други предмети кои можат да послужат како доказ во соодветната постапка. За одземените предмети инспекторот издава потврда со точно прецизирање што точно таа содржи .Привременото одземање на предметите се врши согласно Законот за управување со конфискувам имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка.
Со член 11 се брише член 22 од законот,бидејки истото во практика не се применува.
Со член 12 се бришат членовите 28-32.
Со член 13 се менува член 33 од Законот што е предвидено право на жалба против решението на инспекторот во рок од осум дена од приемот на решението. По жалбите против одлуките на инспекторот одлучува посебна комисија при министерството за економија составена од три члена кои ги именува министерот .
Со член 14 се менува член 34 и се прецизира дека инспекторот е надлежен да покрене и води постапка за порамнување, посредување, медијација и прекршочна постапка согласно закон.
Во член 15 по член 36 од законот се опишани случаите во кои се врши заеднички инспекциски надзор истовремено од страна на повеќе инспекциски служби како и обврските што произлегуваат од заедничкото постапување.
Со член 16 во член 39 од законот е предвидено изрекување на глоба во износ од 1200 евра во денарска противвредност за прекршок на правното лице. Исто така е предвидена и глоба за трговец поединец, одговорнолице во правнотолице , како и глоба на самото место .Ислкучиво надлежен за водење на прекршочна постапка е прекршочниот орган.
Со член 17 досегашниот термин контролиран субјект се заменува со терминот субјект на надзор согласно Законот за инспекциски надзор.
Со член 18 за членовите од 1-19 се предвидува да отпочнат да се применуваат по отпочнување на примената на Законот за инспекциски надзор.

1. **Трошоци**

- Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите.

НЕ

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.

НЕ

- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците.

НЕ

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.

НЕ

- Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците.

НЕ

2. **Придобивки**

- Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни

- Други нефинансиски придобивки за засегнати страни

Со предложениот закон се постигнува регулирање и унифицирање на постапувањето на инспекциските служби со што се обезбедува нова ефикасна правна рамка во постапувањето .

3. **Ризици и претпоставки**

**Нема**

4. **Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

**Чекор 3: Консултации**

Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за Државен пазарен инспекторат е усогласен со .

**Резиме на иницијалната**
**проценка на влијание на регулативата**

1. **Краток осврт на преферираното решение/опција:**

Донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за Државен пазарен инспекторат ќе придонесе за дорегулирање и унифицирање на постапувањето на инспекциските служби со што се обезбедува нова ефикасна правна рамка во постапувањето .

2. **Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

Исмаил Ебипи, државен - советник за општи и правни работи и
Снежана Петковска -раководител на Сектор за правни работи т. 3093-510: ф.; 3093-491
e- mail ismail ebipi@economy.gov.mk; snezana.petkovska@economy.gov.mk;

3. **Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

Катерина Костеска, Државен секретар
тел.3093-404
e- mail:katerina.kosteska@economy.gov.mk

Снежана Петковска, раководител на Сектор за правни работи
т. 3093-491
e- mail snezana.petkovska@economy.gov.mk

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| 1.1 | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| 2. | Нема влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| 3. | Нема влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| 4. | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| 5.) | Нема влијание | врз животната средина. |
| 6.) | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување:<br>Вклучени организации и претставници:<br>Свое мислење дадоа следниве организации: | ДА |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | ДА |
| 9. | Предлог законот е лекториран. | НЕ |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА |
| 11. | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | ДА |
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | НЕ |

**Изјава од министерот**

**Јас, Фатмир Бесими** , изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:

……………………………………………………………………… Датум: